ФК "Пелситер АД"од Битола, ФК "Кравари" од с. Кравари и фудбалерот Атанасовски Ѓ. Дарко склучија договор за отстапување на фудбалер со привремена регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци до Летен преоден рок 2015 година.

*** Склучување на професионален договор:**

ФК "Пелистер АД" од Битола и фудбалерот Трифуновски Т. Иве склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Зимски преоден рок 2016 годсина.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Велевски Ж. Дејан и Магловски А. Тони од ФК "Пелистер АД" од Битола и Јанкуловска М. Симона од ЖФК "Конзули Јунајтед" од Битола поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Драгојевиќ М. Милош од ОФК "Београд" од Белград, Република Србија за ФК "Пелистер АД" од Битола по член 35/11,бидејќи нема сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ. Не се објавува нговиот професионален договор во времетраење од 6 (шест) месеци до Летен преоден рок 2015 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ “КИСЕЛА ВОДА” СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 10.02.2015 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК “ЕУРОМИЛК АД” Скопје: Бакиу Б. Зимер, Амир Шахин, Лесански Б. Ангел, чл.35/1
Илиевски А. Мартин од ФК “Смиљковци 2011” од с. Смиљковци, Бошевски Т. Антонио, Стефковски Р. Никола, Рамиќ М. Анес, Гелевски Б.Мирослав, Авдиу А. Артан, Иљазовски А. Амир од ФК “Вардар АД” од Скопје, Алит И. Фатим од ФК “Шкупи” од Скопје, Дојчинов В. Дамјан и Спасовски В. Филип од ФК “Цементарница 55” од Скопје, Илиевски М. Матеј од ФК “Професионал СВ” од Скопје, Трипунов Т. Никола од ФК “Дрита АД” од с. Боговиње, Здравевски С. Роберто од ФК “Металург АД” од Скопје, Винца Н. Рами, Истефи Д. Агон, Шеји М. Блертон, Насуфи Б. Албрим од ФК “Велешта” од с. Велешта, Гиновски Д. Лазар, Положани Х. Абдулќерим од ФК “Младост” од с. Царев Двор, по член 35/3.
Асовски А. Денис од ФК “Искра Јуниор” од с. Мороишта, по член 35/4.
Ристов Сашко од ФК “Брегалница 2008 АД” од Штип, по член 35/10.

ФК “СЛАВИЈА ПРЖИНО” Скопје: Симоновски Д. Давид од ФК “Алхемичари”, чл. 35/4.
Стојановски Д. Кристијан од ФК “Текстилец” од Скопје, Давчевски З. Дамјан од ФК “ФЦУ 55” од Скопје и Филимановски Љ. Душко од ФК “Петровец” од с. Петровец, Марковски Д. Бојан од ФК “Вардар АД” од Скопје и Богески М. Мирко од ФК “Работнички АД” Скопје, чл. 35/3.

ФК “ССК МЛАДИНЕЦ” Скопје: Јанков Ѓ. Никола, по член 35/1.
Павловски Г. Стефан од ФК “ССК Нова” од Скопје и Стојкоски М. Дарио од ФК “Металург АД” од Скопје, по член 35/3.

ЖФК “ДРАГОН 2014” Скопје: Димковска М. Мартина и Ангеловска Д. Маја, Јанкуловска М. Симона од ЖФК “Конзули” од Битола, по член 35/3.

*** Склучување на стипендиски договор.**

Фудбалскиот клуб “Еуромилк ГЛ АД” од Скопје фудбалерот Љамаралри З. Арсим склучија стипендиски договор во времетраење од 2 (две) години до ЗПР 2017 година.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Положани Л. Аритон од ФК “Искра Јуниор” од с. Мороишта по член 35/4 за ФК “Еуромилк ГЛ АД” од Скопје нема Брисовница.

Не се објавува регистрацијата на фудбалоерот Дишлиевски М. Дарио од ФК “Младост” од Царев Двор за ФК “Еуромилк ГЛ” од Скопје по член 35/3, бидејќи рокот од 45 дена му е поминан на Исписницата и Брисовницата, истите се неважечки.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерката Наумова Ц. Наталија од ЖФК “Кочани” од Кочани за ЖФК “Драгон 2914’ од по член 35/3, бидејќи нема доставно Брисовница од ОФС Кочани или Барање преку пошта за Брисовница.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерката Костова Драгана од ЖФК “Триумф” од Р. Србија за ЖФК “Драгон 2914” од Скопје, по член 35/11, нема сертификат.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ МАКЕДОНСКИ БРОД

**Седница одржана на ден 09.02.2015 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ЖФК “ПОРЕЧЕ 2015” М. Брод: Стојаноска Аледксандра, Милованоска Бојана, Спасеска Габриела, Славеска Јасмина, Деспотоска Јована, Кофилоска Маја, Цветаноска Наталија, Милеска Наталија, Николоска Сара, Радењска Марија, Ристемоска Сара, Донеска Симона, Димоска Теодора, Трпеска Тамара, Симоноска Викторија, по чл. 35/1.

ФК “ФОЈНИК-БРЕСТ”с.Брест: Здравески Сашо, Грозданоски Игор,Грозданоски Марин, и Петковски Ѓоко, по член 35/1

ФК “ПРОЛЕТЕР”М.Брод: Стефаноски Јовица, Бошкоски Петар, Ристески Стефан, Никола Батанџиоски, Златески Филипчо, Златески Христијан, Новески Александар и Стојаноски Благојче од ФК “Порече” од М. Брод, по член 35/3.

Управен одбор

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 03.02.2015 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се потврдува одлуката донесена од Комитетот за итност на ФФМ и тоа:

   Од седницата одржана на 30.12.2014, одлуката со
   - дел.бр. 0202-2727/1

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

### Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ја разгледа одлуката донесена од Комитетот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 156/1-2

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 в.в со член 44 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува Редовното Генерално Собрание на ФФМ да се одржи на ден 15 Март 2015 година во Скопје со почеток во 12 часот.

2. Редовното Генерално Собрание на ФФМ 2015 година ќе се одржи во Хотел Александар Палас.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 03.02.2015 година го одреди датумот и метото за одржување на Редовното Генерално собрание на ФФМ како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 156/1-3

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши измена и дополнување на следните одредби на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ :

**а) Член 48 став 5**
Бројот 12(дванаесет) се менува со бројот 10(десет) и истиот гласи:
„За фудбалери кои имаат помалку од 10 (десет) години, не е потребен ИТЦ."

**б)** Се додава **нов член 65а** кој се однесува на доцнење во исполнување на договорните обврски и истиот гласи:

Клубовите треба да ги исполнуваат своите финансиски обврски кон играчите и други клубови во согласност со условите наведени во договорите потпишани со нивните професионални играчи и во договорите за трансфер.

Секој клуб за кој е утврдено дека доцни во исплатата повеќе од 30 дена независно од уреденоста во договорот (without a prima facie contractual basis) може да биде санкциониран во согласност со став 4 подолу.

За еден клуб да се смета дека има задоцнети обврски во смисла на овој член, кредиторот (играчот или клубот) мора процедурално во писмена форма да го известил клубот што должи и да му дал рок од најмалку десет дена за исполнување на финансиската обврска/и.

Во рамките на опсегот на нивната надлежност (дефинирана во член 22 во врска со со член 23 и 24 од Правилникот на ФИФА за статус и трансфер на фудбалери), следните тела на ФИФА - Комитетот за статус на играчи (Player's Status Committee или судијата поединец (single judge), Комората за решавање спорови( Dispute Resolution Chamber- DRC) или нејзиниот судија поединец(DRC judge) , може да ги изрече следните санкции:
а) предупредување;
б) опомена;
в) парична казна;
г) забрана за регистрирање нови играчи, домашни (со македонско државјанство) или странци (со државјанство различно од македонското), во период од еден или два цели и последователни преодни рока;

Санкциите предвидени во став 4 погоре може да се применуваат кумулативно.

Повторен прекршок ќе се смета за отежнувачка околност за што се изрекува потешка казна.

Извршувањето на санкцијата - забрана за регистрација во согласност со став 4,г) погоре, може да биде суспендирано и заменето од страна на надлежно тело со условна санкција во период од шест месеци до две години.

Доколку клубот на кој санкцијата забрана за регистрација му е суспендирана и условно ја издржува , изврши уште еден прекршок за време на условниот период, суспензијата автоматски се повлекува , забраната за регистрација повторно стапува на сила и и се додава на санкцијата изречена за новиот прекршок.

Условите на овој член не влијаат на примената на дополнителните мерки предвидени со член 17(од Правилникот на ФИФА за статус и трансфер) в.в. со член 69 од овој Правилник во случај на едностран раскин на договор.

**в)** Член 69 точка д
Се бришат зборовите во заграда(функционери на клубови,агенти на фудбалери,фудбалери и др.)

**г)** Во Член 70 и другите одредби во Правилникот каде фигурира терминот „ агент"се менува со терминот „посредник".

**2.** Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето,измените од точка 1 а и б ќе се применуваат од 01.03.2015 година,измените од точка 1 в и г од 01.04.2015 година.

**3.** Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ги разгледа измените на правилникот на ФИФА за статус и трансфер на фудбалери посебно одредбите кои имаат задолжителен карактер и треба да се имплементираат во Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

По разгледување на истите донесе одлука за измена на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува пречистениот текст на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ донесен на 24.12.2011 година.

2. Пречистениот текст ги содржи основниот текст на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ како и измените и дополнувањата направени од 24.12.2011 година заклучно со 03.02.2015 година.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

4. Одлуката и пречистениот текст да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во периодот од донесување на Правилникот во повеќе наврати беа направени измени и дополнувања на одредбите од Правилникот. Заради прегледност и поедноставно користење на правнилникот, Управниот одбор на седницата одржана на 03.02.2015 година донесе одлука како во диспозитивот .

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-156/1-6/1

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдуваат цените на билетите за претстојниот квалификациски натпревар за ЕП ФРАНЦИЈА помеѓу А националниот тим на Македонија и А националниот тим на Белорусија кој ќе се одигра на 27 Март 2015 година на Арена Филип Втори Македонски и тоа:

- **Источната трибина** од арена Филип Втори Македонски да биде отворена и на истата блок 6,7,8,9,10 да бидат отворени за училишта, фудбалери пионери, кадети младици и деца од социјално ранливи категории. Блок 12 на источна трибина ќе се користи за гостински посетители и билетите да бидат по цена од 150.оо денари. Блок 11 да биде предвиден за тампон зона, меѓу гости и домашни посетители.
- **Северната трибина** ,блок 22 и блок 16, како и дел од блок 15 и блок 17 да се предвидат за гратис билети за соработници на ФФМ, членови на Комисии, Тела и органи на ФФМ, членки на ФФМ, државен и дипломатски кор. За останатите блокови од северна трибина да се определат цени во висина од:
  Блок 13 и 19 – 100.оо денари
  Блок 14 и 18 - 150.оо денари
  Блок 20 и 24 – 200.оо денари
  Блок 15 и 17 – 250,оо денари
  Блок 21 и 23 – 400,оо денари
- **Јужна трибина** да се определат цени на влезници и тоа:
  Блок 1 и 6 – 100.оо денари
  Блок 2 и 5 – 150.оо денари
  Блок 3 и 4 – 250.оо денари
  Централен дел поранешен вип – 400.оо денари
- **Западна трибина** да се определат цени на влезници и тоа:
  Блок 25,26,27,28,29 и 30 –100.оо денари

2. Печатењето и дистрибуција на влезниците во име на ФФМ ќе го врши МК Тикетс Скопје.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

Деловоден број 0202- 156/1-7/2

Управен одбор

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 03.02.2015 година имајќи ја во предвид целокупната економска ситуација како и интересот во јавноста за овие натпревари, за цената на влезниците одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 156/1-7/2

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.02.2015 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се утврдува цената на дневна карта за следење на два натпревари во висина од 100.оо денари за квалификациските натпревари на 18ти, 19ти и 21 Март 2015 година во футсал.

2. Печатењето и дистрибуција на влезниците во име на ФФМ ќе го врши МК Тикетс Скопје.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 03.02.2015 година имајќи ја во предвид целокупната економска ситуација како и интересот во јавноста за овие натпревари, за цената на влезниците одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 156/1-7/3

ФФМ

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број 1801-234/1

Скопје, 06 февруари 2015 година

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 4, 7, 8, 9, 10, 15, 21, 29, 32, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 44, 47, 48, 49, 52 и 80 став 5 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија, а во врска со членовите 1, 7, 8, 9, 12, 17, 33 и 35 од Пропозициите за натпреварување во првата лига во мал фудбал во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2014/2015 година, комисијата за футсал натпреварување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Славе Крстев Претседател и членовите Јакупи Ментор, Пластиноски Роберт, Митров Илија и Ралевски Златко постапувајки по записникот, материјалите од првенствениот натпревар од 14 коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2014/2015 година Скопје 2011:Биџо како и извршеното соочување на ден 03 февруари 2015 година донесе:

## О Д Л У К А

1.НЕ ОДИГРАНИОТ ПРВЕНСТВЕН НАТПРЕВАР ОД 14 КОЛО ОД ПРВАТА ЛИГА ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2014/2015 ГОДИНА СКОПЈЕ 2011:БИЏО СЕ РЕГИСТРИРА СО СЛУЖБЕН РЕЗУЛТАТ 3:0 ВО КОРИСТ НА КМФ СКОПЈЕ 2011 ОД СКОПЈЕ.

2.ВО ПОСТАПКА НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА СЕ ПРЕДАВААТ:

-КМФ СКОПЈЕ 2011 ОД СКОПЈЕ ПОРАДИ СЛАБА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИ ДОВАЃАЊЕТО НА ЕКИПАТА НА КМФ БИЏО ОД КУМАНОВО ПРЕД СПОРТСКАТА САЛА "7 МАРТ" ВО ЧАИР КАДЕ ШТО ТРЕБАЛО ДА СЕ ОДИГРА ПРЕДМЕТНИОТ ПРВЕНСТВЕН НАТПРЕВАР,

-ЈУСУФ ЈУСУФ ЗВАНИЧЕН КОМЕСАР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КМФ СКОПЈЕ 2011 ОД СКОПЈЕ ЗАВЕДЕН ВО ЗАПИСНИКОТ ОД ПРЕДМЕТНИОТ НАТПРЕВАР, ВЛЕГУВАЊЕ ВО АВТОБУСОТ НА КМФ БИЏО, ВЕРБАЛЕН ДУЕЛ И ЗАКАНИ УПАТЕНИ КОН ВОЗАЧОТ НА АВТОБУСОТ, ПРЕТСТАВНИКОТ НА КМФ БИЏО ДОДЕВСКИ ДЕЈАН КАКО И КОН ФУДБАЛЕРИ НА КМФ БИЏО,

-КМФБИЏО ОД КУМАНОВО ПОРАДИ НЕ ОДИГРУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТНИОТ НАТПРЕВАР,

-ДОДЕВСКИ ДЕЈАН ПРЕТСТАВНИК НА КМФ БИЏО ПОРАДИ ТОА ШТО НЕ ДОЗВОЛИЛ ФУДБАЛЕРИТЕ И СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА НА КМФ БИЏО ДА ИЗЛЕЗАТ

ОД АВТОБУСОТ СО КОЈ ДОПАТУВАЛЕ ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ КАКО И ФАКТОТ ДЕКА НЕ ДОЗВОЛИЛ НАТПРЕВАРОТ ДА СЕ ОДИГРА.

3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за футсал натпреварување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по записникот и материјалите од првенствениот натпревар од четиринаесетото коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2014/2015 година Скопје 2011:Биџо на ден 25 јануари 2015 година во Скопје спортска сала „7 март" Чаир констатира:

-Не спорно е дека на ден 25 јануари 2015 година според календарот за натпреварување во првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2014/2015 година во рамките од четиринаесетото коло требало да се одигра првенствениот натпревар помеѓу екипата на КМФ Скопје 2011 од Скопје како екипа домакин и екипата на КМФ Биџо од Куманово како гостин.

-Врз основа на увидот во материјалите комисијата прво утврди дека од делегатот доставен е записникот во кој неспорно е дека на првата страна внесени се екипите натпреварувачи, денот на играње, почетокот на започнување на натпреварот, спортската сала, судиите, делегатот, службените лица, внесени се податроците за домашната екипа Скопје 2011 од кое се гледа дека Претставник на КМФ Скопје е Петров Перо, Комесар за безбедност на КМФ Скопје 2011 е Јусуф Јусуф, делегат на натпреварот е Ордев Сашо од Штип, судии Бартон Јосип и Емрули Иса од Тетово исто така со записникот делегатот доставил и пријава од КМФ Скопје 2011 упатена до ПС Бит Пазар со кое овај натпревар согласно прописите е пријавен кај надлежниот орган на МВР а од изјавата на делегатот, претставникот на Скопје 201 Петров Перо како и претставникот на КМФ Биџо утврдено е дека при целокупната ситуација на лице место биле присутни возило на МВР со две униформирани лица.

Од писмените ијзави и извршеното соочување на ден 03 февруари 2015 година во Фудбалската федерација на Македонија на кое беа повикани Додевски Дејан претсавник на КМФ Биџо од Куманово, Јусуф Јусуф комесар за безбедност на КМФ Скопје 2011, Ордев Сашо делегат на натпреварот на оваа соочување беше повикан и претставникот на КМФ Скопје 2011 Петров Перо кој не присуствуваше а достави на емаил известување за неговото не доваѓање на соочувањето, комисијата констатира:

1.Не спорно е дека КМФ Скопје согласно пропозициите ги превзел соответните дејствија (натпреварот го пријавил во МВР, спортската сала била на време отворена, записникот прва страна од страна на комет администраторот во присуство на делегатот, судиите и претставникот на домашната екипа бил составен, лекар бил присутен, домашната екипа била присутна).Според распоредот натпреварот требало да започни во 14,00 часот.Во 13,00 часот пред спортската сала бил делегатот Ордев Сашо, комесарот за безбедност на КМФ Скопје Јусуф Јусуф, комет адиминистраторот

на КМФ Скопје 2011 Синан Јусуф, претставникот на КМФ Скопје 2011 Петров Перо како и уште едно лице кое во постапката не беше идентификувано.Во 13 часот допатувала екипата на КМФ Бицо со автобус влегувајки пред салата автобусот упатувајки се кон салата поминал низ патека која била со бекатон плочи а од страна имало засадени дрвца кои делимично ги оштетил, кога застанал автобусот имало бурна реакција од Јусуф Јусуф званичен комесар за безбедност упатувајки се кон автобусот на гостите а бидејки вратата од автобусот била отворена Јусуф Јусуф упатувајки вербални зборови кон возачот на автобусот се качил внатре, од изјавите комисијата утврди дека Јусуф Јусуф барал од возачот да се врати бидејки тука не можел да се паркира од причина што сега се поставени бекатон плочките и засадени дрвцата за да потоа вербалната расправа се продолжи од Јусуф Јусуф кон преставникот на КМФ Бицо Додевски Дејан а во еден миг и кон двајца фудбалери на КМФ Бицо кои биле на првите седишта за да во еден момент му испадне и мобилниот телефон кој му бил и вратен.Во таков набој во автобусот влегол и комет администраторот на КМФ Скопје Синан Јусуф и Петров Перо со цел смирување на ситуацијата за да во еден момент влезе и не идентификуваното лице и го симнале Јусуф Јусуф од автобусот сето ова добро го гледал и делегатот кој се навоѓал пред самиот автобус.Од изјавите на претставникот на Бицо беше наведено дека во автобусот Јусуф Јусуф ги навредувал и им претел а во еден моент удрил и двајца фудбалери како и неговиот син кој бил на првото седиште.При ваква ситуација претставникот на Бицо кога дошол делегатот му рекол нема услови за играње и му наредил на возачот да го заврти звтобусот за да потоа си замине за Куманово.Во тие моменти имало барање од Петров Перо да се симнат фудбалерите за да се одигра натпреварот за цело време позади автобусот на растојание било полицискотo возило со две униформирани лица од нив не било барано никаква интервенција.Автобусот завртел и заминал а во 13,30 часот делегатот по телефон го побарал Додевски Дејан кој му рекол дека тие се на враќање и се пред рафинерија натпреварот не го играат бидејки нема услови за одигрување.Во изјавата Додевски наведе дека на еден портал кој е од Штип делегатот дал изјава која била наведена кога Додевски му се јавил на делегатот Ордев истиот му рекол дека сеуште не го напишал извештајот.Додевски наведе како прво кој треба да е пречека гостинската екипа и кој се треба да превземе за пречек на истата а бидејки се удрени фудбалери истиот не е во состојба да овај натпревар да бара од неговите фудбалери да го играат.

Комисијата од напред наведеното едногласно утврди дека пропишаните услови за одигфрување на овај натпревар согласно Пропозициите КМФ Скопје 2011 во целост ги исполнил а одбивањето за не играње од страна на КМФ Бицо е не оправдано односно нема ни еден основ врз основа на кое натпреварот не би се одиграл.

При донесувањето на оваа одлука поктрај извршеното соочување беа земени во предвид и писмените изјави доставени како и нормативата на Фудбалската федерација на Македонија.

Имајки ја во предвид фактичката состојба од горе наведеното а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија комисијата за футсал

натпреварување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија донесе едногласна одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија до комисијата за молби на Фудбалската федерација на Македонија согласно член 49 од пропозициите за футсал натпреварување како и член 121 од Правилникот за натпревари со задолжителна уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка: фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

Со молбата задолжително се доставува докаz за извршена уплата на пропишаната такса.

ДОСТАВЕНО ДО:

1.КМФ“СКОПЈЕ 2011“ Скопје

2.КМФ“БИЦО“ КУМАНОВО

3.Архивата на ФФМ

4.Макфудбал

КОМИСИЈА ЗА ФУТСАЛ НА ФФМ

П р е т с е д а т е л

Славе Крстев с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број Сл.**
**Скопје, 11 февруари 2015 година**

Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1,2,3,5,7,8,10,13,16,17,22,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајќи по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 35 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 11 февруари 2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

1.ПЕТРОВСКИ АНТОНИО КОМЕТ БРОЈ 106812 ФУДБАЛЕР НА КМФ"ЖЕЛЕЗАРЕЦ" ОД СКОПЈЕ СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ЕДЕН (1) ПРВЕНСТВЕН ИЛИ КУП НАТПРЕВАР.
2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 08 ФЕВРУАРИ 2015 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајќи по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:
-ПЕТРОВСКИ АНТОНИО комет број 106912 фудбалер на КМФ"ЖЕЛЕЗАРЕЦ" од СКОПЈЕ на натпреварот од 16 коло во првата футсал лига ЦРНА РЕКА:ЖЕЛЕЗАРЕЦ во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил исклучен поради спречување акција за постигнување гол.
При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.
ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Петровски Антонио
2.КМФ "Железарец" Скопје
3.Макфудбал и
4.Архивата на ФФМ

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА
НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Скопје
Бр. 08.04 - 276/1
11.02 2015 год.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број**
**Скопје, 11 февруари 2015 година**

**Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, 11, 13, 14 точка 8, член 16, 25, 47, 58, 123,125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 14 коло од првата футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2014/2015 година Скопје 2011:Биџо Скопје спортска сала "7 март" Чаир на ден 25 јануари 2015 година согласно член 35, 56 и 57 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 11 февруари 2015 година донесе:**

## О Д Л У К А

**1.ДОДЕВСКИ ДЕЈАН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КМФ"БИЏО" ОД КУМАНОВО СЕ САНКЦИОНИРА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ВРШЕЊЕ НА БИЛО КОЈА ФУНКЦИЈА ВО ФУДБАЛСКИОТ СПОРТ ВО ВРЕМЕ ОД ТРИ (3) МЕСЕЦИ.**
**2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 26 ЈАНУАРИ 2015 ГОДИНА.**
**3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствениот натпревар од 14 коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2014/2015 година Скопје 2011:Биџо на ден 25.01.2015 година во Скопје спортска сала "7 март" Чаир комисијата неспорно уврди:
1.Од писмените изјави доставни во постапката водена пред комисијата за натпревари на футсал натпреварувањето, како и извршеното соочување, како и од писмените изјави доставени во дисциплинската постапка и тоа: Ордев Сашо делегат на предметниот натпревар, Петров Перо преставник на КМФ Скопје заведен во записникот од натпреварот прва страна, Додевски Дејан Претседател на КМФ Биџо, Јусуф Јусуф комесар, Бартон Јосип и Емрули Иса

судии на натпреварот, писмени изјави од возачот на автобусот на КМФ Бицо Саша Анѓелковиќ, Стојковски Георги фудбалер комет број 114863 и Марко Марковиќ фудбалер комет број 114845 од КМФ Бицо, по детално разгледување на напред наведените изјави како и записникот од натпреварот утврдиу:

-Кога дошла екипата на КМФ Бицо со автобус и се паркирала пред спортската сала "7 март" каде требало да се одигра натпреварот и кога требало фудбалерите да излезат од автобусот Јусуф Јусуф како комесар за безбедност на КМФ Скопје 2011 заведен во званичниот записник од предметниот натпревар се упатил кон автобусот неовластено влегол во автобусот неспортски реагирал и се расправал со возачот на автобусот а потоа и со Додевски Дејан и со двата наведени фудбалери за да во еден момент во автобусот влегол и Синан Јусуф комет адиминистратор на КМФ Скопје и Петров Перо претавник на КМФ Скопје кои го симнале Јусуф Јусуф од автобусот.

-Од изјавите комисијата утврди дека Јусуф Јусуф барал автобусот да не се паркира на тоа место бидејки имало засадено дрвца и била поставена бакетон патека.

Комисијата утврди дека за не одигрувањето на овај натпревар влијание имало од Додевски Дејан кој како Претседател на КМФ Бицо му наредил на возачот да го заврти автобусот за потоа и да го напушти местото и се упати за Куманово за во според изјавата негова и на делегатот во телефонскиот разговор помеѓу нив наведе дека одбил да се одигра овај натпревар поради немање услови, комисијата ценеше дека согласно пропозициите сите услови бил исполнети (отворена спортската сала, присутна полиција, лекар, кола за брза помош, домашната екипа, делегат, судии).

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари ако поднесува жалба клубот или 6.000,00 (шест илјади) денари ако поднесува жалба Јусуф Јусуф на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:

1.КМФ "БИЦО" Куманово

2.Додевски Дејан

2.Архивата на ФФМ

3.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ

П р е т с е д а т е л

Блерим Бесими с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**